# „Еден ден поминат на стража на Аллаховиот пат е подобар од целиот свет и сè што се наоѓа на него

Сехл бин Сад ес-Саиди, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Еден ден поминат на стража на Аллаховиот пат е подобар од целиот свет и сè што се наоѓа на него. А местото во Џенетот колку еден камшик е подобро од целиот свет и сè што има на него. И утринското или вечерното излегување на Аллаховиот пат е подобро од целиот свет и сè што има на него.“
[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, известува дека поминувањето еден ден на стража на границата меѓу муслиманите и неверниците – со искрена намера да се заштитат муслиманите – е повредно од целиот свет и сè што има во него. Исто така, местото во Џенетот колку едно место за камшик со кој се борело на Аллаховиот пат, е подобро од целиот свет и сè што има во него. А наградата за само еден излез на Аллаховиот пат – било наутро (од зора до пладне), било попладне (од пладне до вечер) – е подобра од целиот свет и сè што има во него.



النجـاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee